# ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Својата визија ***Ј.П Водовод и Канализација - Скопје*** пред се, во однос на заштитата на животната средина и квалитетното управување со истата, ја поставува како највисока стратешка цел преку која ќе ги исполнува:

- Барањата и очекувањата на корисниците,
- Барањата на важечките закони и прописи,
- Сопствените барања и цели.

Од визијата на раководството произлезе обврската со постојано унапредување на Системот за менаџмент со животната средина воспоставен според барањата на стандардот

**ISO 14001:2015**

да испорачуваме услуги кои ги задоволуваат потребите на корисниците и заинтересираните страни и да ги исполнуваме
применливите законски и други барања во врска со животната средина.

Вработените во ***Ј.П Водовод и Канализација - Скопје***, работат на остварување на следните цели:

- Идентификување на аспектите на животната средина до кои се доаѓа или може да се дојде и ставање под контрола на значајните аспекти за животната средина;
- Извршување на активностите во согласност со применливите законски и други барања за животна средина и посветеност за исполнување на обврската за усогласеност;
- Едукација и поттикнување на вработените да делуваат превентивно и постојано да ја подобруваат заштитата на животната средина;
- Штедење ресурси и енергија, намалување на употребата на штетни материи и количината на отпад;
- Разгледување на мислењата и сугестиите на заинтересираните страни и превземање соодветни мерки за унапредување на заштитата на животната средина;
- Информирање на корисниците и заинтересираните страни за сопствената определба за заштита на животната средина.

Скопје, март, 2022

в.д. Директор,
Златко Перински